# ПРОТОКОЛ НА ПОСТАПУВАЊЕ

## на СУГС гимназија ,, Никола Карев“ во учебната 2020 - 2021 година

**Општи одредби**

Воспитно-образовниот процес во СУГС гимназија ,,Никола Карев “во учебната 2020/2021 година се реализира согласно Календарот за организација и работа на училиштата, според скратена наставна програма согласно Наставниот план за учебната 2020/2021 година. Со овој документ се одредени начините на организација и реализација на работата на училиштето во услови на спроведување на настава на далечина соодветно на работа во услови на пандемија на вирусот КОВИД 19.

Овој документ се темели врз Планот и Протоколт за одржување на настава во основните и средни училишта изготвен и доставен до училиштето од страна на Министерството за образование и наука.

Наставата за учениците се реализира со учење на далечина, освен при вреднувањето, валидација на знаењето на учениците кога учениците се јавуваат во училиште, а при тоа училиштето има обврска да го организира присуството на учениците соодветно на протоколот за физичко присуство.

Наставата со далечинското учење се реализира преку однапред утврден распоред изработен од училиштето и поставен на веб-страната на училиштето. За учениците кои ќе се приклучуваат на настава на далечина, наставниците ја употребуваат националната платформа за учење на далечина која овозможува двонасочна интеракција и комуникација на наставникот и ученикот.

## ПРОТОКОЛ НА ПОСТАПУВАЊЕ ВО УСЛОВИ НА ДАЛЕЧИНСКО УЧЕЊЕ

1. Наставата се реализира во две смени – 1 смена со почеток во 7.30 часот и 2 смена со почеток во 13.30 часот. Првата смена е со траење од 7.30 до 12.25 часот, втората смена од 13.30 до 18.25 часот, во периодот од 12.25 до 13.30 и 18.25 и 20.00 часот ќе се реализира дополнителна, додатна настава и проектни активности;
2. Наставниот on line час трае 35 минути плус 5 минути за приклучување. За часот учениците се претходно известени од страна на класен раководител или предметен наставник;
3. Наставниците ја реализираат наставата од училница во училиштето со користење на националната платформа;
4. Директорот на училиштето се грижи за целосна покриеност со интернет конекција во сите училници во училиштето; Доколку настане потешкотија во

однос на покриеноста со интернет во училницата наставникот со дозвола од директор го држи часот од дома;

5. Предметниот наставник на барање на директорот му доставува линк за приклучување на електронската интерактивна платформа за учење на далечина за да ја следи работата на наставникот во текот на наставниот час;
6. При тоа наставникот за време на реализацијата на наставниот час:
   - ги вклучува на on line часот учениците кои се дома,
   - го снима реализираниот наставен час и го праќа на учениците,
   - одржува час со вклучување на учениците,
   - им испраќа на учениците соодветен видео час,
   - поставува содржини (документи, презентации),
   - поврзува надворешни содржини од ЕДУИНО,
   - испраќа соопштенија до учениците,
   - врши двонасочна комуникација со користење на форуми,
   - дефинира активности кои треба да ги сработат учениците
   - дава повратни информации на испратените домашни задачи од учениците,
   - одржува on-line настава со помош на Microsoft Teams,
   - креира и одржува тестови,
   - креира е-Лекции;

7. Предметниот наставник води евиденција за реализацијата на наставниот час и за редовноста на секој ученик и истите ги евидентира во дневникот за работа на паралелката и во е-дневникот. Изостанувањето на ученикот од on line часот се оправдува соодветно на Упатството за регулирање на изостаноци со оправдани и неоправдани отсуства;

8. За учениците кои немаат пристап до ИКТ или интернет, училиштето организира настава со физичко присуство во училиште, со согласност од родителите/старателите и исклучива согласност од Владата;

   Доколку родителите не се согласуваат наставата да биде со физичко присуство, училиштето изготвува печатени материјали кои ги преземаат родителите во соработка со наставникот/класниот раководител/образовниот асистент;

9. Проверка/валидација на знаењето на учениците се врши со физичко присуство на учениците во училиште. Проверката се врши на секое тромесечие; по однапред утвреден распоред на паралелки, број на ученици во паралелка и времетраење на проверката;

10. За резултатите од проверката на знаењата на учениците, класниот раководител по електронски пат ги известува родителите за постигнатиот успех на неговото дете, утврден на наставнички совет на паралелката и наставнички совет на училиштето;

11. За ученикот кој не се вклучил на настава повеќе од пет дена класниот раководител го информира родителот. Доколку се утврди потреба наставникот со стручната служба реализира посета на ученикот во неговиот дом и спроведува разговор со родителот за неопходноста од задолжително и редовно следење на наставата;
12. Во случаи на нередовно присуство на наставата од страна на ученик се применуваат педагошките мерки утврдени во Законот за средното образование.
13. Ученикот кој не можел да биде оценет поради отсуство од најмалку една третина од фондот на наставни часови од одредени предмети, има право да полага одделенски испит/ испит на година по предметите по кои не е оценет, согласно Законот за основното образование/ законот за средното образование;

❖ **Настава за ученици со посебни образовни потреби -** се одвива под исти услови како за сите ученици во училиштето, односно преку учење од далечина и физичко присуство при валидирање/проверка на знаењата. Се применуваат препораките за физичка дистанца и одржување на личната хигиена. Се информира училиштето за условите на ученикот за да следи настава од далечина. Наставникот ја реализира наставата по ИОП изготвен според способностите и можностите на учениците. Наставникот со секој ученик работи индивидуално согласно однапред изготвен распоред. Образовниот или личниот асистент се вклучува во паралелката, при што ги почитува препораките за физичка дистанца и одржување на личната хигиена.

**НАПОМЕНА**

Со цел да се обезбеди почитување на Протоколот за постапување во услови на учење од далечина или физичко присуство на учениците во училиште се доставуваат соодветно изработени документи до учениците и родителите – Куќен ред и Кодекс на однесување кои го опишуваа и утврдуваат постапувањето на вработените и учениците за време на настават во текот на учебната 2020-2021 година.